**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-185/9**
**Скопје, 21.05.2007 година**

**АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за развој и инвестиции - Сметка за средства од буџетот на РМ, за 2006 година, кои се прикажани на страните 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за развој и инвестиции за 2003 година и ревизијата изразила негативно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Реџеп Беџети, Директор од 23.03.2004-29.08.2006 година.
   - Миљазим Аземи , Заменик директор од 10.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија, во периодот од 01.03-24.04.2007 година

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 14.05.2007 година под архивски број 1104-185/8 примена е забелешка на точка 10.5.2 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Забелешката е разгледана и истата не се прифаќа бидејќи не претставува аргумент за промена на мислењето на ревизорот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти:**

11.1.1. Спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во Агенцијата за развој и инвестиции не е назначен одговорен сметководител. Суспендирањето на редовно вработените во службата за сметководство како резултат на донесени Решенија од страна на Директорот во 2004 година има за последица водење на сметководствената евиденција од страна на лице ангажирано на договор на дело и овластување на работник без соодветна стручна квалификација за вршење на благајничките работи.

.**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Агенцијата за развој и инвестиции да назначи овластен сметководител во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници со што ќе обезбеди одговорност за искажаните состојби во финансиските извештаи.

11.2. **Неправилна примена на сметководствените политики и начела:**

.

11.2.1. Ревизијата не е убедена дека финансиските извештаи на Агенцијата за развој и инвестиции даваат точен, вистинит и целосен преглед на приходите, расходите како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради фактот што крајната состојба во електронската база на податоци од претходната година не е идентична со почетната состојба во главната книга за тековната 2006 година, која е рачно внесена и усогласена со финансиските извештаи за 2005 година.

11.2.2. Спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници не е почитувано основното буџетското начело на парично искажување, поради што не е извршено усогласување на паричните средства со вишокот на приходи за претходната 2005 и тековната 2006 година.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот да ги задолжи одговорните лица во сметководството да ја напуштат праксата на рачно внесување на почетните состојби и доколку се покаже потребно да се интервенира во софтверот за сметководствено работење, бидејки оваа пракса е констатирана и со ревизијата на финансиските извештаи за 2003 година.
2. Одговорните лица во сметководството да обезбедат соодветна примена на буџетското начело на парично искажување заради реално прикажување на билансните позиции.

### 11.3. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.3.1. Спротивно на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци во Агенцијата за развој и инвестиции за службените патувања на вработените во странство им се исплатувани дневници во висина од 100 % од утврдените со Решението за највисокиот износ на дневници за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци и има за ефект ненаменско трошење на средства.

11.3.2. Заради непочитување на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката во Агенцијата за развој и инвестиции неосновано се исплатени буџетски средства во износ од 80 илјада денари. Имено, вршени се исплати по сметки за мобилни телефони без да се донесе акт од страна на Директорот за утврдување на вработените кои што извршуваат работи и задачи за кои што е неопходно користење на мобилен телефон како и исплата на сметки за мобилни телефони за лица ангажирани по договор на дело и сметки за два мобилни телефони за чии што корисници ревизијата не се увери дека се ангажирани на работа во Агенцијата.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорниот сметководител да обезбеди исплатата на дневниците за службени патувања во странство да се врши согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, а лицата да ги вратат повеке примените средства.
2. Директорот на Агенцијата со акт да ги утврди лицата кои имаат право да користат службен мобилен телефон и да го ограничи износот на сметката согласно Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката. Над утврдениот износ да се врши одбивање од платата на вработениот.

## 11.4. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.4.1 Спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во Агенцијата за развој и инвестиции , пописната комисија не извршила попис на побарувањата и обврските поради што ревизијата не беше во можност да се увери во прикажаните состојби. Ревизијата утврди неусогласенот на аналитичката со синтетичката евиденција кај ставката Обврски спрема добавувачи и неусогласеност на прикажаниот износ во финансиските извештаи со прегледот на неизмирените обврски на ден 31.12.2006 година доставен до Министерството за финансии. Недоставувањето на точни податоци до Министерството за финанасии во согласност со Законот за буџетите ги оневозможува надлежните органи да вршат реално планирање и извршување на средствата од Буџетот.

10.4.2 Ревизијата утврди извршен отпис на лап топ компјутер, персонален компјутер и два мобилни телефони во вкупен износ од 154 илјади денари за кои што е задолжен поранешниот директор, без да биде донесен акт за негово отпишување од одговорното лице и без да биде изготвен извештај од страна на пописната комисија во кој што се констатирани кусоци и се дадени предлози за задолжување на конкретно лице со истиот. Исто така, спротивно на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници не е извршено усогласување на сметководствената евиденција на основните средства со фактичката состојба утврдена со пописот, поради невоспоставена задолжителна помошна книга на капиталниот имот со што се доведува во прашање реалноста на прикажаниот износ на материјалните средства во финансиските извештаи.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Агенцијата да превземе мерки за вршење на вонреден попис на обврските и нивно усогласување со сметководствената состојба.
2. Директорот да донесе акт за отпис на наведената опрема, во спротивно да се спроведат соодветни корекции во сметководството.

## 11.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата:

11.5.1. Во Агенцијата за развој и инвестиции перманентно се ангажираат лица по договор на дело чиј број варира од 10 до 12 и е еднаков со бројот на редовно вработените. И покрај тоа што не е пополнет бројот на работните места утврден во Правилникот за систематизација на работните места ревизијата не е убедена во оправданоста од ангажирањето на толкав број на лица бидејќи спротивно на Законот за облигациони односи лицата се ангажираат на подолг период, а утврдените работни задачи во договорите за дело според описот и пописот не се прецизни и тешко се препознава во актот за ситематизација. Од друга страна надоместот што им се исплатува на овие лица не е соодветен на нивната квалификација ( ССС) и е поголем од 40% до 80 % во споредба со редовно вработените со ист степен на стручна подготовка, а се движи во висина на плата на државен службеник со ВСС.Во 2006 година по овој основ од оваа сметка исплатен е износ од 487 илјади денари. Истата состојба е утврдена како наод и кај Сметката за приходи од кредити од каде се исплатени 772 илјади денари.

11.5.2. Ревизијата не се увери во наменското, рационалното и економичното трошење на средствата во согласност со Законот за извршување на буџетот за 2006 година во вкупен износ од 842 илјади по следните основи:

- Направени расходи за бензин во износ од 281 илјади денари од оваа сметка и 298 илјади денари од сметката за приходи од кредити. Ревизијата не е убедена во потребата од користење на четири службени возила во Агенција со 12 редовно вработени од кои двајца се возачи, ангажирање на уште еден до двајца возачи по договор на дело и дополнително користење на такси превоз. Од извршениот увид во налозите за користење на службените возила ревизијата утврди дека Директорот на Агенцијата покрај возилото со кое што редовно располага користел уште едно возило во периодот од 7.08-31.08.2006 година со кое што поминал 2730 км на локал Скопје што упатува на тоа дека службените возила не се користат исклучиво за службени цели;
- за награди на извршители по судски извршни решенија за неневремено плаќање на обврските спрема добавувачите од минати години исплатени се средства во износ од 115 илјади денари,
- казна во износ од 100 илјади денари по Пресуда на Основен суд 1 изречена против Агенцијата за развој и инвестиции поради непостапување по Решение на Државен инспекторат за труд за поништување на Решение за престанок на работен однос на работник;
- за нотарски награди за превземени активности за реализација на рачни залоги и хипотеки за кои во 2006 година од оваа сметка се исплатени 177 илјади денари;
- исплати по фактури без прилог испратница и налог за работа заради што ревизијата не е убедена во реалноста на извршените расходи во износ од 169 илјади денари.

11.5.3. Во Агенцијата за развој и инвестиции не е донесен План за јавни набавки, Правилник за набавки од мала вредност и не е формирана комисија за јавни набавки. За набавките во вкупен износ од 375 илјади денари не се почитувани процедурите во согласност со Законот за јавни набавки што има за ефект ненаменско и незаконско користење на средства, дискриминирање на понудувачите, нелојална конкуренција и не обезбедена транспарентност и јавност на постапката.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Агенцијата да ја преиспита потребата од ангажирање на лица по договор за дело во толкав број и да обезбеди висината на надоместоците да не ја надминува платата на вработените со истата стручна подготовка.
2. Директорот на Агенцијата да обезбеди наменско, рационално и економично трошење на средствата во согласност со Законот за извршување на буџетот.
3. Директорот на Агенцијата да формира Комисија за јавни набавки, да донесе План за јавни набавки и Правилник за набавки од мала вредност со цел да обезбеди доследно спроведување на Законот за јавни набавки

11. Ефектот од изнесените наоди во точките 11.1.1, 11.2. и 11.4. е толку значаен и немерлив што ревизијата не можеше да изрази мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31 декември 2006 година, а наодите утврдени во точките 11.3 и 11.5. имаат за ефект ненаменско и незаконско користење на средства во износ од 1.788 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.1.1., 11.2. и 11.4, ние не изразуваме мислење за финансиската состојба на Агенцијата за развој и инвестиции-Сметка за средства од буџетот на РМ на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум , во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.3 и 11.5 кај Агенцијата за развој и инвестиции не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. **Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2003 година.**

14.1. Агенцијата за развој и инвестиции постапила делумно по препораката дадена во извештајот за извршената ревизија за 2003 година, а која се однесува на извршен физички попис на материјалните средства, но не и негово усогласување со аналитичката сметководствена евиденција.

14.2. За наодитете утврдени во точките од 11.1.1, 11.2.1, 11.3, 11.4.1, и 11.5 од овој Извештај кои се констатирани и во ревизорскиот извештај за 2003 година не се превземени мерки од страна на субјектот

**Скопје, 17.05.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 6.978 | 16.615 |
| **Вкупно приходи** | **6.978** | **16.615** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 4.211 | 4.890 |
| Стоки и услуги | 2.759 | 7.256 |
| **Вкупно тековни расходи** | **6.970** | **12.146** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 4 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **4** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **6.970** | **12.150** |
| | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **8** | **4.465** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 11 | 2 |
| Побарувања од вработените | 159 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 2.439 | 1.659 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.609** | **1.661** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 35 | 35 |
| Материјални средства | 226 | 225 |
| **Вкупно постојани средства** | **261** | **260** |
| **Вкупна актива** | **2.870** | **1.921** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.718 | 993 |
| Обврски спрема државата и други институции | 56 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 624 | 624 |
| Пасивни временски разграничувања | 211 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.609** | **1.617** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 261 | 304 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **261** | **304** |
| **Вкупна пасива** | **2.870** | **1.921** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **304** | - | **304** |
| **Зголемување по основ на:** | **200** | **12** | **212** |
| Набавки | 200 | 12 | **212** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | **239** | **12** | **251** |
| Отпис на капитални средства | 159 | 12 | **171** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 80 | | **80** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **261** | - | **261** |